# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.4/2016

## 14.04.2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за вклучување на Општина Неготино во проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина “ со Акроним „ЕНПОЛ-ЕЕ“**

Се објавува Одлуката за вклучување на Општина Неготино во проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина “ со Акроним „ЕНПОЛ-ЕЕ“, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 13.04.2016 година.

Бр.09_146/1
14.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 13.04.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За вклучување на Општина Неготино во проектот**
***„Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина “ со Акроним „ЕНПОЛ-ЕЕ“***

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Неготино да биде вклучена во проектот ,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина со Акроним „*ЕНПОЛ-ЕЕ”*со кој ќе се аплицира на Првиот (1) повик за проектни предлози ИНТЕРРЕГ ИПА прекугранична соработка Република Грција-Република Македонија ( 2014-2020) објавен на 07.12.2015 Реф.бр.302128/ MA5567.

**Член 2**

Водечки корисник (ВК) на проектот ,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина” со Акроним ,,*ЕНПОЛ-ЕЕ*” ќе биде општина Пела, Република Грција. Општина Неготино ќе биде Корисник 2(К2) за Република Македонија. Корисник 3( К3) на проектот ќе биде,,Корпорација за јавен интерес за култура и развој на општина Пела-Република Грција, а Корисник 4(К4) ќе биде СОУ,,Св. Кирил и Методиј“Неготино, Република Македонија .

**Член 3**

Проектот ќе се аплицира во Приоритетна оска 2. Заштита на животна средина-Транспорт ,Тематски приоритет 2ц. Промовирање на одржлив транспорт и подобрување на јавната инфрструктура и Специфична цел: 2.1 Надградба на јавната инфраструктура за подобрување на времето на патување, безбедно преминување на граница и унапредување на енергетската ефикасност преку зелен транспорт

**Член 4**

За потребите за реализација на проектот е утврдено финанасирање во сооднос 85% Европска Унија и 15% национално ко-финансирање. Соодносот за претфинансирање ќе биде дополнително утврден, врз основа на што ќе бидат алоцирани и средства во Буџетот на Општина Неготино за 2016/2017 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

**Бр.08-137/3** **Совет на општина Неготино**
**13.04.2016** **Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за вклучување на Општина Неготино во проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним „wa-mbrella"**

Се објавува Одлукатата за вклучување на Општина Неготино во проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним „wa-mbrella", што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 13.04.2016 година.

Бр.09_146/2
14.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 13.04.2016 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За вклучување на Општина Неготино во проектот**
***,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”***

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Неготино да биде вклучена во проектот ,, Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”со кој ќе се аплицира на Првиот (1) повик за проектни предлози ИНТЕРРЕГ ИПА прекугранична соработка Република Грција-Република Македонија (2014-2020) објавен на 07.12.2015 со Реф.бр.302128/ МА5567.

**Член 2**

Водечки корисник(ВК) на проектот "Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”ќе биде општина Алмопиа, Република Грција.Општина Неготино ќе биде Корисник 2(К2) за Република Македонија. Корисник 3( К3) на проектот ќе биде Општинското Претпријатие за водовод и канализација на Алмопиа Република Грција, а Корисник 4(К4) ќе биде ЈП,,Комуналец,,Неготино, Република Македонија .

**Член 3**

Проектот ќе се аплицира во Приоритетна оска 2. Заштита на животна средина-Транспорт, Тематски приоритет 2б. Заштита на животната средина и промовирање за адаптација и намалување на климатските промени, спречување и управување со ризик и Специфична цел:2.3 Одржливо управување со заштитени подрачја, екосистеми и биодиверзитети

**Член 4**

За потребите за реализација на проектот е утврдено финанасирање во соодност 85% Европска Унија и 15% национално ко-финансирање.Соодносот за претфинансирање ќе биде дополнително утврден, врз основа на што ќе бидат алоцирани и средства во Буџетот на Општина Неготино за 2016/2017 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

**Бр.08-137/4** **Совет на општина Неготино**
**13.04.2016** **Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за доделување на финансиски средства**

Се објавува Решението за доделување на финансиски средства, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 13.04.2016 година.

Бр.09_146/3
14.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 13.04.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

За подршка на активностите во обласат на културата и обезбедување на дел од неопходните финансиски средства за настап на составот за класична музика ТРИО ГРАЦИОЗО на настанот Фестивал АНТРЕРИТМОС во април 2016 година во Мароко се доделуваат финансиски средства во износ од 60.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_137/5
13.04.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на 2 ( двајца) членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „ Гоце Делчев„ Неготино**

Се објавува Решение за именување на 2 ( двајца) членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „ Гоце Делчев„ Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 13.04.2016 година.

Бр.09_146/4
14.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 124 став 2 од Законот за основното образование (,, Сл.весник на РМ„ бр.103/08....24/13) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 13.04.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на 2 ( дваjца) членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „ Гоце Делчев„ Неготино**

1. За членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Гоце Делчев „ Неготино, како преставници од основачот _општина Неготино се именуваат следните лица:

   **_ Горан Јанчев**
   **_ Костадин Поповски**

2. Мандатот на именуваните членови изнесува 3 години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_137/6
13.04.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 4/2016

1. Заклучок за објавување на Одлуката за вклучување на Општина Неготино во проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина “ со Акроним „ЕНПОЛ-ЕЕ“. Стр.1

2. Одлука за вклучување на Општина Неготино во проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина “ со Акроним „ЕНПОЛ-ЕЕ“. Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлукатата за вклучување на Општина Неготино во проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним „wa-mbrella”. Стр.3

4. Одлука за вклучување на Општина Неготино во проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним „wa-mbrella”. Стр.4

5. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиски средства Стр.5

6. Решение за доделување на финансиски средства Стр.5

7. Заклучок за објавување на Решението за именување на 2 ( двајца) членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „ Гоце Делчев„ Неготино Стр.6

8. Решение за именување на 2 ( двајца) членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „ Гоце Делчев„ Неготино Стр.7